**Бр. 02-830/3**
**Скопје, 15.07.2024 година**

## Известување од одржана втора (вонредна) седница на Собрание на СКМ

Почитувани делегати,

Ве известувам дека на вонредната седница свикана и одржана по електронски пат, за предложениот дневен ред и точките од истиот, преку маил се изјаснија вкупно 40 делегати на Собранието на Комората.

Со оглед на резултатите од гласањето на вонредната седница по пат на електронска пошта, кое е видливо за сите делегати на Собранието, Ве известувам дека е усвоен Записникот од претходната седница, односно првата редовна седница на Собранието на СКМ, одржана на ден 12.04.2024 година и усвоен е Предлог-правилникот за дополнување на Правилникот за избори и отповикување на членови на регионалните одбори, Собранието, Претседател на Комората и другите органи на Комората.

Врз основа член 3 став 3 и 4 од Деловникот за работа на Собранието бр. 02-1046/12, претседателот на Собранието со решение ќе констатира престанок на мандатот на д-р Бобан Антоски, избран за делегат од РО Тетово и на д-р Милан Ламески, избран за делегат во Собранието од РО Кавадарци.

Согласно усвоените дополнувања на Правилникот за избори и отповикување на членови на регионалните одбори, Собранието, Претседател на Комората и другите органи на Комората, ќе биде изготвен пречистен текст на Правилникот за избори.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,**
**СОБРАНИЕ НА СКМ**
**Претседател,**
**д-р Борис Стојанов**

М.П. ______________________